Број на Службен весник:174/2021
Датум на објава на Службен весник:30.07.2021
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

## Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), во членот 40 став (1) по зборот „автопат“ се додаваат зборовите: „и експресен пат“.

По ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) По исклучок од ставот (1) на овој член, на ридски и тешки терени во клисури и на други слични конфигурации на терен и во населени места, растојанието меѓу државните патишта и железничките пруги, може да биде помало, под услов да не се допираат слободните профили и меѓу нив да може да се постави опрема и уреди за безбедно одвивање на патниот и железничкиот сообраќај. Во случај да нивелетата на железничката пруга е пониска од еден метар од нивелетата на државниот пат, мора да се поставaт сигурносни огради.“.

## Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.